РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ"
Бр. 0201-922/10
30 10 20 18 год.
ШТИП

Приватен научен институт "АКАДЕМИЈА ЗА ЕСТЕТСКА СТОМАТОЛОГИЈА ЕНДОМАК"
Бр. 03-02/18
31.10.2018 год.
Скопје

# ДОГОВОР ЗА ПРИДРУЖНО ЧЛЕНСТВО

Склучен помеѓу:

1. Приватен научен институт "Академија за естетска стоматологија-Ендомак, Скопје, застапуван од директорот Прим.м-р. д-р Томе Тасевски, од една страна и
2. Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, застапуван од ректорот Проф. д-р Блажо Боев, од друга страна

**Предмет на договорот:**

Член 1

Во рамките на заедничките цели и интереси во развојот на наставата, истражувањето и науката двата потписника со овој договор одлучуваат и ги регулираат областите за заедничка соработка, како и формите и начините на неговата имплементација.

**Цели и задачи на Договорот:**

Член 2

Потписниците ќе соработуваат на следниве полиња:

- Организирање на заеднички студиски програми на различни нивоа (прв, втор и трет циклус на студии) за чие организирање се потпишуваат посебни договори одобрени од надлежните органи на двете институции;
- Квалитативен професионален развој преку континуиран процес на планирани активности, базирани на ревизија на извршувањето и поставувањето на експлицитни цели за добра клиничка пракса (организирање на заеднички научни конференции, симпозиуми, курсеви, научни и стручни работилници, предавања, стручни презентации, состаноци на работни групи, семинари, индивидуално усовршување, консултации, печатени, видео и комјутерски потпомогнати начини на образување, како и други облици на пренесување на знаење, вештини и информации) ;
- Практична обука и стручно усовршување на докторите на стоматологија за новите техники и методи на работа во естетската стоматологија, добра стоматолошка практика, унапредување на знаењето и вештините за дијагностика и лекување;
- Обезбедување услови за подигнување квалитетот на практична обука, по примерот на универзитетските клинички центри во светот;
- Соработка на полето на научното истражување преку реализација на активности кои се од образовен карактер ;
- Размена на наставен кадар во однос на предавања, наставна и истражувачка работа, размена на специјализанти, студенти, истражувачи и

млади научни соработници, размена на учебници, списанија, публикации и друга научна литература, размена на наставни планови и програми со цел организирање на заеднички студии за дипломски, специјалистички, последипломски и докторски студии;

- Проширување на знаењето и вештините, мрежно поврзување, соработка, поддршка и охрабрување од колегите професионалци;
- Организација на стручно-научни собири (семинари, школа итн.) со меѓународно учество, со цел континуирана стоматолошка едукација, во рамките и надвор од Универзитетот и Академијата;
- Одржување годишни научни сесии низ целата територија на земјава. Во фокусот на годишната конференција е на стоматолозите да им се овозможи да разменат нови идеи и да добијат значајни, интердисциплинарни, вистински информации за најновите клинички процедури, материјали и методи, развивање на естетска пракса, и самозбогатување;
- Зголемување на можностите за образование и вклучување на креативниот потенцијал во домашното здравство;
- Зголемување на интересот на стоматолозите и другите стоматолошки професионалци за нивно професионално усовршување;
- Зголемена перцепција за практична обука и специјализација;
- Намалување на трошоците за специјализација;
- Обезбедување практика со висок квалитет;
- Постојана едукација и усовршување;
- Програмиран календар за учење;
- Иницијација и развој на системот за континуирана стоматолошка едукација;
- Воведување високи стандарди за квалитетна и континуирана едукација на други стручни кадри кои обавуваат стоматолошка дејност (лабараториски забни техничари, стоматолошки помошници, стоматолошки хигиенисти, едукатори, истражувачи и други стоматолошки професионалци;
- Дополнителна едукација на студентите;
- Информирање за новите трендови во стоматологијата, технологијата и науката;
- Други едукативни активности поврзани со стоматолошката наука и пракса, што ќе резултира во обезбедување на високо ниво на стоматолошка здравствена заштита на населението и развој на естетската стоматологија кај нас и пошироко во регионот;
- Развој на структурна база (простор, информативно-технички услови) ;
- Грижа за етичко остварување во стоматолошката услуга и во сите сфери на естетиката и здравјето;
- Поттикнување на највисоките стандарди за етичко однесување и одговорна грижа за пациентот кај естетските стоматолози;
- Обезбедување точни и корисни информации за јавноста и професијата;
- Поставување на стандарди за успешност;

- Развој на нови информатичко-технолошки можности за работа (онлајн курсеви, учења во далечина итн.) ;
- Публицирање во склопот на континуираната стоматолошка едукација;
- Соработка во меѓународни проекти во областа на континуираната стоматолошка едукација;
- Формирање заеднички систем за континуирана стоматолошка едукација, лиценцирање и акредитација со Стоматолошката комора ;
- Воспоставување интердисциплинарна, академска, научна и стручна соработка со други центри во земјата и странство;
- Ангажирање и размена на странски и наши експерти во едукативниот процес со јасно дефинирани теми, целни групи, видови и траење на програмите;
- Размена на литература и информација;
- Други форми на соработка од заеднички интерес.

Член 3

За да се постигнат целите наведени во овој Договор, двете страни ќе изработат програми и протоколи за имплементација кои треба да ги содржат следниве информации:

- опис на програмата-проектот,
- имиња на координатори и учесници од секоја страна, било да се работи за проект од образовен или научен карактер,
- времетраење на проектот,
- предвидени трошоци за мобилност на кадарот (предавачи, специјализанти и студенти) и за планирање на проектот.

Член 4

Со цел реализација на одредбите од овој Договор размената на наставниот кадар може да се планира согласно следниве услови:

- наставниот кадар го задржува статусот на вработен во својата матична институција,
- институцијата каде што се изведува наставата обезбедува надоместоци за реализираните предавања, семинари и сл., врз основа на правилниците кои се усвоени за исплата на надоместоци на институцијата каде што се изведува наставата.

При размената на наставничкиот кадар двете институции ќе се раководат од одредбите од Законот за високото образование.

**Преодни и завршни одредби:**

Член 5

Потписниците се согласуваат меѓусебно да се информираат за сите услови кои се важни за реализација на овој Договор

Член 6

За сите дополнувања и додатоци кон овој договор како и сите други прашања поврзани со предметот на овој договор ќе се одлучи писмено и истите ќе бидат составен дел од овој договор.

Член 7

Овој договор се потпишува со траење од 4 (четири) години.

Секоја од страните може да го прекине договорот во писмена форма.

Член 8

Секој конфликт кој ќе произлезе од имплементацијата на овој Договор ќе се решава спогодбено, со учество на претставници од двете институции.

Член 9

Договорот стапува на сила од како ќе биде потпишан од овластените претставници на двете страни.

Договорот е потпишан во 4 (четири) примероци по два за секоја договорна страна.

Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

Ректор,

Проф. д-р Блажо Боев

Приватен научен институт

Академија за естетска стоматологија

Ендомак

Директор,

Прим.м-р. д-р Томе Тасевски